И7И22



ПОРАДИ НЕБЕЗБЕДНИТЕ КЛИМАТСКИ УСЛОВИ

# КОЛЕКЦИЈАТА НА МСУ ОСУМ ГОДИНИ ВО ДЕПО

- АКО ГИ ИЗЛОЖИМЕ ПОСТОЈАНО, НА ДЕЛАТА ИМ СЕ ЗАКАНУВА ОПАСНОСТ ДА БИДАТ ОШТЕТЕНИ – ВЕЛИ ДИРЕКТОРОТ НА МСУ ЗОРАН ПЕТРОВСКИ
- СЕЛЕЊЕТО НА МСУ КАКО УСЛОВ ЗА ПОГОЛЕМА ПОСЕТЕНОСТ НЕ Е СООДВЕТНО РЕШЕНИЕ



СЛИКИТЕ НА ПИКАСО ДАЛЕКУ ОД ОКОТО НА ЈАВНОСТА

Уметничките дела во МСУ веќе седум-осум години, наместо на око на јавноста, се во депоата на Музејот бидејќи единствено таму има безбедни и релативно стандардни климатски услови. Најдобриот избор од исклучително значајната колеција што ја поседува Музејот, покрај повремените изложби не се презентира, бидејќи во тој случај делата би биле изложени на опасност, поради застарената инфраструктура на Музејот.

– Мислам дека оваа држава треба да има барем



ЗОРАН ПЕТРОВСКИ

малку свест за тоа што таа поседува од современата, модерната уметност. За мене како директор уште од самиот почеток остана клучно прашањето дали од една страна ќе се согласиме, на штета на делата, да ги излагаме во постојните услови коишто дефинитивно и евидентно ги загрозуваат, и со тоа публиката би била задоволна, или ќе ги ставиме делата во депо и ќе чекаме да се постигнат барем елементарните услови за да бидат експонирани. Јас како директор се определив за оваа втора опција – вели Зоран Петровски, директор на МСУ.

Во последните 30 години, откога постои музејската зграда, во неа е инвестирано само два пати за санација на покривот, додека за инфраструктурата на Музејот, значи за канализацијата, електро и топлинската инсталација, клима системот и слично, воопшто не е вложувано.

– Мислам дека во просек, во светот, на секои 5 години, во зависност од објектот, се прави ревизија, а потоа и санација, ако е потребна. Тоа е стандард, нешто што е неопходно. Она што ја загрозува целата зграда на МСУ вкупно, а делумно и депоата, се инсталациите. Во Предлог националната програма за култура се нудат некои насоки за овие проблеми и јас апелирам да се почне што поскоро, бидејќи навистина на Музејот му се заканува опасност. Сепак не сум сигурен дека во Министерството за култура постои интенција да седнеме заедно и да поразговараме, а ставовите што доаѓаат оттаму до нас сметам дека се премногу конфузни и преопшти – вели Петровски.

Тој смета и дека дислокацијата, односно селењето на МСУ во друг објект, како услов за поголема посетеност, не е соодветно решение. Зградата на МСУ е замислена и конструирана за Музеј, и според него, би било нелогично, кога веќе таа постои, друг објект да се преадаптира во музејска зграда.

– Во една развојна перспектива сметам дека музејот има извонреден потенцијал. Треба малку да се одлепиме од нашата скандалозноспектакуларна стварност која што не држи залепени пред ѕидот на нашата немоќ. Потребно е да се надминеме самите себе, со малку напор и волја, почнувајќи од политиката која премногу ни го детерминира животот и која што премногу се бави со самата себе, а премалку со она што треба да ги прави. Не знаеме да си најдеме сопствената мерка. Конечно, да не заборавиме дека потегот каде што се наоѓа Музејот е дел од еден поширок појас на културни институции коишто се концентрирани на овој простор, почнувајќи од МКЦ, МАНУ, НУБ, МНТ, Уметничката галерија, Мустафпашина џамија, како споменик на културата, Музејот на Македонија и МСУ. Тоа е една силна концентрација на институции, Она што е проблематично кај сите нив, а не само кај МСУ, е нивната недоволна меѓусебна комуникација – вели Петровски.

Во овој контекст Петровски до Министерството за култура има приложено проект-изложба, за 2002-2003 година со работен наслов „Од утопија до катаклизма до утопија", а целта е на Скопје да му се даде една нова развојна димензија и заживување на Калето и просторот околу него.

– Некои архитекти ми сугерираа дека можеби би било добро во рамките на една таква изложба да се направи меѓународен конкурс и да се опфати потегот на Калето, од чаршијата или од МНТ, сеедно, до француските гробишта или до Зајчев рид, или дури и до Скупи. Значи да се потегне една линија и светски и наши познати архитекти да проектираат слободно што тие би предвиделе во овој простор. Оваа изложба, меѓу другото, би била и оригинален маркетинг за нашата држава за надвор.